**201909801243**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2019 година.

Бр. 08-2600/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Во Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18), во член 3 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, зборовите: „македонската економија“ се заменуваат со зборовите: „економијата на Република Северна Македонија“, а зборот „вработувањето“ се заменува со зборовите: „на вработувањата“.

Член 2

Во членот 4 точка 1 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија.“.

Во точка 2 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија.“.

Во точката 7 по зборовите: „постројки и“ се додава зборот „нови“.

Во точката 8 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија.“.

Во точка 12 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„-воведување на производен процес;“.

Во точката 13 по зборот „набавена“ се додаваат зборовите: „или произведена“, а зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Во точката 14 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и инвестиции во нематеријални средства,“.

Точката 16 се менува и гласи:

„Почеток на реализација на инвестициски проект“ е датум утврден во договорот за финансиска поддршка на инвестициите кој ќе содејствува со видот на инвестицискиот проект.“.

Член 3

Во член 9 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„-кои започнале продуктивна почетна инвестиција и“.

Во алинеја 2 зборовите: „приходи од дејност“ се заменуваат со зборовите: „вкупни приходи од работењето“.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„-кај кои просечниот број на вработени во последната година во однос на просекот од претходните три години не бил намален за повеќе од 5% и за пократок период доколку деловниот субјект е регистриран и започнал со дејност во период пократок од четири години сметано од денот на доставување на барање за доделување на финансиска поддршка.“.

Во ставот (2) во воведната реченица зборовите: „вршат производствени дејности“ се заменуваат со зборовите: „почнале продуктивна почетна инвестиција“.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„-регулирана дејност чија цена ја одредува независно регулаторно тело;“.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„-корисници на право на концесии на добра од општ интерес доколку концесијата се користи за продуктивна почетна инвестиција;“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и новоформирани деловни субјекти кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член.

(3) Корисници на финансиска поддршка можат да бидат и деловните субјекти од кожарско-преработувачката и текстилната индустрија, при што за овие деловни субјекти не се применуваат условите од ставот (1) алинеја 3 на овој член.“.

Ставот (2) станува став (4).

Во ставот (3) кој станува став (5) зборовите: „постојано и“ се бришат.

Член 4

Во член 10 алинејата 2 се менува и гласи:

„-кои вршат градежни дејности поврзани со изградба и продажба на станови и станбени и деловни згради и тоа само за делот на градежната дејност изградба и продажба на станови, станбени и деловни згради;“.

Член 5

Членот 12 се менува и гласи:

„(1) Финансиската поддршка која се доделува на деловните субјекти согласно со овој закон ќе се реализира на годишно ниво со директна исплата на сметката на корисникот во постапката утврдена со овој закон и согласно со склучениот договор за финансиска поддршка.

(2) Финансиската поддршка за деловните субјекти од членот 9 став (2) од овој закон, ќе се реализира на годишно ниво со поднесување на барање за исплата на финансиска поддршка за реализирани оправдани инвестициски трошоци, при што за овие деловни субјекти не се применуваат условите од членот 9 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон за првите две календарски години од датумот на почетокот на инвестицискиот проект.

(3) Финансиската поддршка за деловните субјекти од членот 9 став (3) од овој закон, ќе се реализира на годишно ниво со поднесување на барање за исплата на финансиска поддршка за реализирани оправдани инвестициски трошоци, при што за овие деловни субјекти не се применуваат условот од членот 9 став (1) алинеја 3 од овој закон.“.

Член 6

Во членот 14 се додава нов став (2), кој гласи:

„Деловниот субјект може да поднесе барање за склучување на договор за финансиската поддршка за повеќе видови на финансиска поддршка за инвестиции од ставот (1) на овој член.“.

Член 7

Во член 15 став (2) зборот „континуирано“ се брише, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „за месеците за кои е исплатена нето плата.“.

Член 8

Во член 16 точката 1 се менува и гласи:

„Да оствари пораст на вкупни приходи од работењето согласно со членот 9 став (1) алинеја (2) од овој закон и“.

Член 9

Во член 17 ставови (1), (2) и (3) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 10

Во член 18 алинејата 1 се менува и гласи:

„-условите од членот 9 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон и“.

Во алинеја 2 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 11

Во член 20 став (3) по зборот „оправдани“ се додава зборот „инвестициски“, а зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Во став (4) алинеја 1 по зборот „инструменти“ се става запирка и се додаваат зборовите: „нови машини“.

Член 12

Во член 21 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„-условите од членот 9 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон и“.

Алинејата 2 се брише.

Член 13

Во член 22 во воведната реченица зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Во алинејата 2 износот „20.000.000“ се заменува со износот „15.000.000“.

Член 14

Во член 23 став (1) во воведната реченица, како и во точките а), в) и г), зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 15

Во член 25 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и за нематеријални средства.“.

Во став (2) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборовите: „за времетраењето на целиот инвестициски проект“ се бришат.

Член 16

Во член 26 ставот (1) се менува и гласи:

„За остварување на финансиската поддршка од членот 25 од овој закон деловниот субјект треба да ги исполнува условите од членот 9 став (1) од овој закон.“.

Член 17

Во член 27 став (2) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 18

Во член 29 став (2) по зборот „Максималниот“ се додава зборот „годишен“, зборот „годишно“ се брише, а зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 19

Во член 30 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„-да го исполни условот од членот 9 став (1) алинеја 3 од овој закон и да оствари пораст на приходите од работењето од најмалку 5% над просекот во претходните три години или за пократок период во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со дејност утврдено согласно со договорот за финансиска поддршка.“.

Член 20

Во член 31 став (2) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 21

Членот 32 се менува и гласи:

„За остварување на финансиската поддршка од членот 31 од овој закон корисникот треба да ги исполни условите од членот 9 став (1) од овој закон.“.

Член 22

Во член 33 став 1 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Државјани на Република Северна Македонија од ставот (1) на овој член, треба да поседуваат најмалку 51% од сопственоста на деловниот субјект, при поднесување на барањето за исплата, како и за целиот период на важењето на договорот за финансиска поддршка.“.

Член 23

Во членот 34 ставови (1) и (2) во воведната реченица и алинеите 1 и 6, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 24

Во членот 35 се додава нов став 2, кој гласи:

„Доколку врз основа на проекцијата за видот и максималниот износ на финансиска поддршка се надминат утврдените буџетски средства за таа намена, исплатата се врши сразмерно по корисник на финансиска поддршка во рамките на утврдените буџетски средства за соодветната фискална година. Износот кој ги надминува утврдените буџетски средства за таа намена не претставува обврска на Буџетот на Република Северна Македонија.“.

Член 25

Во член 38 став (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „со образложение за причините поради кои што барањето нема да биде предмет на понатамошно разгледување.“.

Во ставот (5) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Комисијата за евалуација од ставот (5) на овој член ја сочинуваат по еден член од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија и други членови назначени од Владата на Република Северна Македонија.“.

Во ставот (8) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Во став (9) во втората реченица по зборовите: „добиени барања“ запирката се заменува со сврзникот „и“, а зборовите: „и висината на финансиските средства потребни за доделување на истата“ се бришат.

Член 26

Во членот 39 зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“

Член 27

По членот 40 се додава нов член 40-а, кој гласи:

„Член 40-а

**Измена на договор за финансиска поддршка**

(1) Договор за финансиска поддршка на инвестициите може да се измени доколку за одреден инвестициски проект деловниот субјект поднесе барање за доделување и на друг вид на финансиска поддршка од членот 14 од овој закон.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член деловниот субјект може да го поднесе, најдоцна во рок од една година од денот на склучување на договорот за финансиска поддршка на инвестициите.

(3) Периодот за кој се врши измена на договорот, не може да биде подолг од периодот за кој е склучен договорот за финансиска поддршка на инвестициите.

(4) Кон барањето од ставот (1) на овој член се доставува документација утврдена во членот 37 став (2) од овој закон.

(5) Барањето од ставот (1) на овој член се доставува до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон.

(6) Постапката за одлучување по барањето од ставот (4) на овој член, се врши согласно со членот 38 од овој закон.

(7) Надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон, врз основа на извештајот на Комисијата за евалуација од членот 38 став (9) од овој закон, најдоцна во рок од 30 дена од добивањето на Извештајот до Владата на Република Северна Македонија доставуваат нацрт анекс на договорот за измена на договорот за финансиска поддршка на инвестициите за добивање согласност.

(8) Анексот на договор од ставот (7) на овој член го склучува Владата на Република Северна Македонија, а во име на Владата го потпишува еден од потписниците наведени во членот 34 став (2) од овој закон.“.

Член 28

Во член 42 по зборовите: „го следат“ се додаваат зборовите: „и вршат контрола над“.

Член 29

Во член 43 став (1) зборовите: „30 јуни“ се заменуваат со зборовите: „31 октомври“, а зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Видовите на оправдани ивестициски трошоци и начинот на спроведување на исплатата на финансиската поддршка ги пропишува министерот за економија.“.

Член 30

По членот 43 се додава нов член 43-а, кој гласи:

„Член 43-а

Деловните субјекти кои ќе склучат договори за финансиска поддршка до 30 септември во тековната година, можат да поднесат барања за исплата на финансиската поддршка за реализираните оправдани инвестициски трошоци, реализирани во претходната година согласно со овој закон најдоцна до 31 октомври во тековната година. Одобрената финансиска поддршка ќе се исплати најдоцна до 25 декември во тековната година.“.

Член 31

По членот 44 се додава нов член 44-а, кој гласи:

„Член 44-а

**Контрола на спроведувањето на договорите за финансиска поддршка**

(1) Контролата на спроведувањето на договорите за финансиска поддршка на инвестициите ја вршат надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и претставник од Министерството за економија.

(2) Контрола од ставот (1) на овој член ја вршат овластени лица вработени во надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и Министерството за економија, со овластувањето за вршење на контрола, издадено од директор на надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон и овластување издадено од министерот за економија за претставникот од Министерството за економија.

(3) Начинот на вршење на контрола ќе го пропише министерот за економија.“.

Член 32

(1) Деловните субјекти кои склучиле договори за финансиска поддршка на инвестициите согласно со Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18), може да поднесат барање за измена на договорите заради усогласување со одредбите од овој закон, во рок од 60 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18) за склучување на анекс кон договорот за финансиска поддршка на инвестициите.

(3) Постапката за одлучување по барањето од ставот (1) на овој член, се врши согласно со членот 38 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18).

(4) Анексот на договор од ставот (2) на овој член го склучува Владата на Република Северна Македонија, а во име на Владата го потпишува еден од потписниците наведени во членот 34 став (2) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18).

(5) Доколку деловните субјекти не постапат во рокот утврден во ставот (1) на овој член, реализацијата на финансиската поддршка ќе се одвива согласно со одредбите од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/18).

Член 33

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 34

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.